**Центар за**
**Управување со**
**Промени**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013



# Содржина


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 3 |
| ГЛАВНИ НАСОКИ | 4 |
| РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 5 |
| ПОСТИГНУВАЊА ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ | 6 |
| НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ | 8 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 10 |

# ВОВЕД

Здружението за развој, Центар за управување со промени (ЦУП) е непрофитна, невладина организација која промовира разбирање и ненасилни промени во општеството.

Организацијата се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат промените во општеството како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати.

Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро-интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за промена во општеството.

Имаме неколку  години работно искуство со различни државни институции во Македонија и широка соработка со граѓанскиот и бизнис секторот дома и во странство. Имплементираме проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на нашето општество и регионот.

Поддржуваме демократија и отворени идеи во различни сектори во општеството. Ги базираме нашите проекти на методот планирај, реализирај, провери и делувај.

## Нашите цели и задачи се;

- Јакнење на административните капацитети на јавната администрација
- Инвестиција и развој во персонал/ луѓе
- Европска интеграција и регионална соработка
- Управување со јавни промени и одржување развој
- Еднакви можности и недискриминација
- Автоматизација на процеси
- Соработка со другите правни и физички лица, меѓународни организации, државни тела, институции, невладини организации и приватен сектор за реализација и постигнување на целите на организацијата

# СТРАТЕШКИ НАСОКИ

**1.** Подржуваме и обучуваме за воведување на Заедничка рамка за проценка - КАФ (Common Assessment Framework – CAF), како инструмент за целосно управување со квалитетот во работењето, според кој одличните резултати во организациите се постигнуваат преку водство темелено на инспиративна стратегија и планирање, преку поддршка на вработените - како најдрагоцен капитал, преку градење партнерства, преку рационално искористување на ресурсите и унапредување на процесите

**2.** Градиме капацитети на јавната администрација, на граѓанскиот сектор и на бизнис заедницата како и поддржуваме активности насочени кон воспоставување целосно функционална структура на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во централната влада и во релевантните министерства

**3.** Развиваме човечки ресурси преку воспоставување Систем за управување со човечки ресурси и апликација на еднакви Стандарди работењето на одделенијата за човечки ресурси во сите државни институции

**4.** Ги менаџираме промените во општеството и поттикнуваме одржлив развој преку реализација на проекти за развој на јавната администрација и управување со промени, како и се обидуваме да најдеме самоодржливи решенија на проблемите

**5.** Промовираме еднакви шанси и недискриминација преку организирање на активности кои водат до слободен и еднаков пристап до јавниот сервис за сите без разлика на пол, етничност, религија, политичка припадност, сексуална и други форми на припаѓање

**6.** Придонесуваме за автоматизација на процесите преку креирање на функционален оперативен систем способен да го поддржи процесот на промени

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ





• Спроведени 8 дводневни обуки на тема: Управување и раководење темелено на компетенции за државни и јавни службеници низ општините на РМ, од страна на членовите на работната група за воведување на систем за управување темелен на компетенции

• Спроведени 13 дводневни обуки на тема: Управување и раководење темелено на компетенции за државни и јавни службеници, од страна на членовите на работната група за воведување на систем за управување темелен на компетенции

• Спроведено Истражување за задоволството на вработените од работната ангажираност во соработка со истражувачката куќа Брима Галуп

• Подготвени 9 модули за е- обука

• Унапреден регулаторен процес во Македонија продлабочување на можноста за учење, развој како и поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во имплементација на Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија

• Поддршка во подготовка, анализи и ревизии на Каталог на работни места

# ПОСТИГНУВАЊА ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

## ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА РАБОТНАТА АНГАЖИРАНОСТ И ПОСВЕТЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈАТА НА РМ

Со цел да се добијат основни показатели за состојбите во државната администрација, да се утврдат слабите и јаките страни, да се преземат конкретни насочени мерки за да се адресираат лоцираните предизвици, а и да се овозможи подобра поддршка на службениците во следењето на достигнувањата кои произлегуваат од Стратегијата за РЈА, во рамките на програмата "Поддршка на реформите на јавната администрација", се спроведе истражување за работната ангажираност и посветеноста на вработените во работниот процес во органите на државна управа на централно ниво. Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, во согласност со Стратегијата за реформа на јавната администрација, и со програмата „Поддршка на Реформата во јавната администрација (2011-2013)" финансирана од Британската амбасада, а управувана од Центарот за управување со промени, спроведе истражување за вклученоста и задоволството на вработените во државната администрација во периодот март – мај 2013 година. Истражувањето се спроведе во 136 институции преку обемни анкетни прашалници и опфати 10.000 испитаници, при што на прашалниците одговорија 61,5% од испитаниците. На истражувањето му претходеше обука на која присуствуваа претставници од одделенијата и секторите на човечки ресурси. Обуката го опфати начинот на спроведување на ваквиот тип на истражување со цел да се запази и да се осигура анонимноста која претставува круцијален аспект на ваквиот тип на истражувања. Во втората фаза на оваа иницијатива, и по добивањето на вкупниот индекс на вклученост, беа организирани фокус групи како и индивидуални интервјуа со по 10-15 претставници од сите 15 министерства на кои беа дискутирани резултатите од истражувањето, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат вработените, како и предлози и идеи за нивно надминување Извештајот од истражувањето кој детално го објаснува процесот на спроведување на истражувањето, сите проблеми и предизвици со кои се соочуваат вработените, како и предлозите, предлог решенијата и идеите за нивно разрешување беше доставен и разгледан на владина седница и претставува основа за дел од новите решенија во јавната администрација.

## Е-СОДРЖИНИ ЗА УЧЕЊЕ ЗА ПОДДРШКА НА СИСТЕМОТ НА УПРАВУВАЊЕ ТЕМЕЛЕН НА КОМПЕТЕНЦИИ

Имајќи ги во предвид светските трендови за воведување на е - учење, како и усвоените пристапи за подобрување на изведбата на службениците, инвестицијата во е - учење, ќе понуди решение за надминување на културните и животните услови, нудејќи вистинска средина за учење достапна за сите службеници во секое време и од секаде. Во таа насока, со поддршка на Британската Амбасада и Центарот за управување со промени , во текот на 2013 -2014 година беа подготвени 9 е-курсеви за обука, подготвени во SCORM пакети достапни за сите е- учење. Овие е – курсеви за обука се интерактивни, флексибилни, прилагодливи и фокусирани на слушателот, а нивната цел е да го стимулираат интересот за учење, да ја зголемат мотивацијата и да пренесат знаење, во однос за теми кои се во врска со секојдневното работење на администрацијата на администрацијата. Темите на е- курсевите се однесуваат на: управување со промени и справување со отпорот, оценување на напредокот, разбирање на организациската култура; комуникација; раководење и развој; управување со

изведбата (перформансот); стратегија и иновации; стратешка свест; решавање на проблеми и донесување на одлуки; остварување на резултати; учење и развој; ориентираност кон клиенти; работење со други. Курсевите се поделени на лекции. Лекциите се изработени како сценарија кои понатаму се трансформирани во е- содржини. После секоја лекција има референтна листа со македонска и странска литература. Секој курс завршува со листа на прашања за проверка на знаењето. За секој поминат курс, слушателот ќе биде во можност да испечати потврда за завршен курс.

## ПОДДРШКА ВО ПОДГОТОВКА НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Во рамките на МИОА и преку проектот Поддршка на реформите на јавната администрација кој го раководеше Центарот за управување со промени, меѓу формираните работни групи за изработка на подзаконски акти, формирана е и работна група чии приоритет е вметнување на компетенциите во подзаконската легислатива. Оваа работна група ги подготви следниве акти: Рамка за компетенции; Правилник за критериумите и начинот на управување со ефектот на државните службеници, формата и содржината на обрасците и извештаите за ефектот; Правилник за начинот на вршење менторска работа и водење регистар на ментори. Работната група беше меѓуресорска, составена од лицата кои претходно работеа на разработување на системот на компетенции и негова адаптација на состојбите на администрацијата во РМ. На овој начин работните компетенции се отсликаа во легислативата особено во значајните сфери кои се основа за ефикасно функционирање на администрацијата и професионалниот развој на вработените.

## КАТАЛОГ НА РАБОТНИ МЕСТА

Во март 2013 година, МИОА со помош на проектот “Поддршка на реформите во јавната администрација”, финансиран од Британската амбасада а управуван од Центарот за управување со промени, подготви работен план за имплементација на класификација на работни позиции за јавната администрација во Република Македонија и се пристапи кон прибирање на податоците. Работниот план беше темелен на Методологија за оценка на работните позиции, при што институциите требаше да направат проценка на факторите кои го определуваат “нивото на вредност“ кое секоја позиција за соодветната организацијата, како и за придонесот кој тоа место го прави за општите цели во јавната администрација. Евалуацијата на работните позиции заедно со сите дополнителни податоци се основа за подготовка на Каталог на работни места во администрацијата на РМ. Во суштина, концептот ‘каталог на работни места‘ е управувачка алатка во склоп на сеопфатната рамка на управувањето со човечки ресурси, а каталогот се базираше на податоци собрани врз основа на прашалник кој во текот на 2013-2014 прашалникот беше доставен до 1,056 институции.

## УНАПРЕДЕН РЕГУЛАТОРЕН ПРОЦЕС

Со поддршка на Британската Амбасада во МИОА се реализираше проектот Унапреден регулаторен процес а го имплементираше Центарот за управување со промени. Цел на проектот беше продлабочување на можноста за учење, развој како и поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во имплементација на Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија. Во рамките на овој проект се подготви:

- Прирачник за ПВР
- Прирачник за засегнати страни за ПВР
- Акти кои ја уредуваат материјата за ПВР

Покрај ова во рамките на овој проект се оствари и студиска посета во Лондон, Велика Британија, на тема: Регулаторна реформа

# НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

Ефект плус
ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА

Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс 02/2401-372

**До**

Собранието и Извршниот одбор на

*Здружението на граѓани Центар за управување со промени*

## РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Центарот за управување со промени, кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2013 година и билансот на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење финансиските извештаи, во сите значајни аспекти, даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2013 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија.

За Ефект плус Скопје

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата

Миов Николаки

Скопје, 15.08.2014 година

## ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

### Финансиски извештај за 2013 година

| | |
|---|---|
| **ПРИЛИВИ** | **15.334.979 ден.** |
| Приходи од дејноста | - |
| Приходи од донации | 9.166.254 ден. |
| Финансиски приходи | 62.318 ден. |
| Пренесен дел од вишокот на приходи | 6.106.407 ден. |
| **ОДЛИВИ** | **11.284.965 ден.** |
| Материјални расходи и услуги | 3.266.435 ден. |
| Други расходи | 6.437.527 ден. |
| Плати и надоместоци од плати | 1.557.194 ден. |
| Капитални расходи | 23.809 ден. |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | - |
| Пренос на наменски средства во наредната година | 4.050.014 ден. |

### Финансиски извештај за средствата, обврските и капиталот за 2013 година

| | |
|---|---|
| **СРЕДСТВА** | **4.358.063 ден.** |
| Нетековни средства | 111.230 ден. |
| Тековни средства | 4.246.833 ден. |
| **ОБВРСКИ** | **4.358.063 ден.** |
| Деловен фонд | 111.229 ден. |
| Обврски спрема добавувачи | 75.499 ден. |
| Останати обврски | 121.321 ден. |
| Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година | 4.050.014 ден. |

Одговорни за составување на билансот

Твинс консалтинт

Скопје 11.02.2014

Раководител

Неда Малеска Сачмароска

Центар за
Управување со
Промени

Центар за управување со промени (ЦУП)
ул. Партизански одреди бб., 1000 Скопје, Република Македонија
website: www.cup.org.mk
е-пошта: info@cup.org.mk
тел.: +389(0)2 3061-760
факс: +389(0)2 3061-760